РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2260/1
22-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-1312/1 од 23.02.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1312/1 од 23.02.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 08-1312/1 од 23.02.2023 година е оформен врз основа на пријава доставена од непознат подносител за проверка на имотната состојба на лицето ----------------------, директор во ЈЗУ Психијатриска болница Негорци-Гевгелија. Со пријавата беа опфатени и други лица, но истите не се предмет на проверка од причина што не станува збор за службени лица.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ------------------- и за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство. Податоците се побарани од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од Анкетниот лист за имотна состојба на ------------------------, ДКСК констатира дека податоците во Анкетниот лист се совпаѓаат со прибавените податоци од конкретните институции.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: Е.П., советник
Контролирал: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar